# КОГА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СЕ НА БОЛЕДУВАЊЕ, НЕГАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ МОЖЕ ДА БИДЕ НАРУШЕНА

Недостатокот на персонал за време на сезоната на грип може да има негативни ефекти на грижата за пациентите и да ја зголеми цената на здравствената нега. Ако голем број на здравствени работници одат на боледување поради грип, може да дојде до нарушување на здравствените услуги.

## ВАКЦИНАЦИЈАТА ПРОТИВ ГРИП Е НАЈДОБРИОТ НАЧИН ДА СЕ ЗАШТИТИШ ОД ГРИП.

СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА (СЗО) ПРЕПОРАЧУВА ВАКЦИНАЦИЈА НА СИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ ПРОТИВ СЕЗОНСКИ ГРИП, СЕКОЈА ГОДИНА.



## ВАЖНО!

ВАКЦИНАЦИЈАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ Е БЕСПЛАТНА.

## ЗАКАЖЕТЕ ВАКЦИНАЦИЈА ПРЕКУ ВЕБ ПЛАТФОРМА!

Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку интернет страницата www.vakcinacija.mk

Со пополнување на формата, се регистрирате за вакцинација, директно во системот Мој Термин. По пат на СМС порака, ќе добиете информација за точниот датум и час за вакцининација на пунктот кој ќе го изберете при регистрацијата.

Дополнително, комерцијална вакцина против сезонски грип може да добиете во најблискиот Центар за јавно здравје без претходно закажување.

## ВАКЦИНАЦИЈАТА ПРОТИВ ГРИП Е БЕЗБЕДБА, СЕ КОРИСТИ ПОВЕЌЕ ОД 60 ГОДИНИ И ДОСЕГА ВО СВЕТОТ СЕ ВАКЦИНИРАНИ МИЛИОНИ ЛУЃЕ.

Република Северна Македонија
Министерство за здравство
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë
PIVI
Partnership for International Vaccine Initiatives
THE TASK FORCE FOR GLOBAL HEALTH

Ако си здравствен работник,

# ВАКЦИНИРАЈ СЕ ПРОТИВ ГРИП!

## ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ ИМААТ ЗГОЛЕМЕН РИЗИК ДА ЗАБОЛАТ ОД ГРИП



Здравствените работници имаат 10 пати поголем ризик од заболување со грип во споредба со општата популација, поради природата на својата работа. Ако си здравствен работник може да заболиш од грип од твоите пациенти или колеги.

Постојат студии кои покажуваат дека за време на епидемија, во здравствена установа повеќе од половината здравствени работници кои се грижат за пациентите со грип, и самите се инфицирани од вирусот. Грипот е сериозна болест, може да предизвика пневмонија, бронхит или да ги влоши хроничните здравствени состојби. Вакцинацијата против грип, секоја година, е најдобар начин да се заштитиш себеси од ова заболување.

# ВАКЦИНИРАЈ СЕ!



## КОГА СИ БОЛЕН ОД ГРИП МОЖЕ ДА ГО ПРЕНЕСЕШ НА ТВОИТЕ ПАЦИЕНТИ

Постојат студии кои покажуваат дека здравствените работници можат да го пренесат грипот на своите пациенти особено ако се осетливи да развијат компликации. Грипот е опасен за мали деца, возрасни и лица со ослабен имунитет или други хронични заболувања. Како резултат на пренос на грип од здравствен работник, некои пациенти може да развијат компликации опасни по животот, како што се документираните случаи на смрт од грип во неонатални центри за интензивна нега и на онколошки педијатриски одделенија.

ГРИПОТ МОЖЕ ДА БИДЕ СЕРИОЗНА БОЛЕСТ И ДА ДОВЕДЕ ДО КОМПЛИКАЦИИ И ХОСПИТАЛИЗАЦИИ

## ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СЕ ПОСВЕТЕНИ НА РАБОТАТА. ТИЕ ЧЕСТОПАТИ ОДАТ НА РАБОТА И ПОКРАЈ ТОА ШТО СЕ БОЛНИ, СО ТОА ГО ЗГОЛЕМУВААТ РИЗИКОТ ОД ПРЕНОС НА ГРИП



## ЗАШТИТИ СЕ СЕБЕСИ!
## ЗАШТИТИ ГИ ТВОИТЕ ПАЦИЕНТИ!
## ЗАШТИТИ ГИ ТВОИТЕ НАЈБЛИСКИ!

Некои луѓе не развиваат симптоми на грип, па не знаејќи дека се инфицирани може да го шират вирусот на грип, иако не се чувствуваат болни. Во една студија, половина од здравствените работници со грип не знаеле дека го носат вирусот. Но, доколку се вакцинираш против грип, може да бидеш мирен, бидејќи е мала веројатноста да ги инфицираш твоите осетливи пациенти.